Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ
Бр. 03 - 389
11.3. 2020 год.

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Врз основа на заклучоците на Владата на Република Северна Македонија, Известувањето на Министерството за образование и наука и Известувањето од Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје за преземање мерки и активности за превенција од ширење на корона вирусот, Деканатската управа на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје, на денешната 43-та редовна седница и ги донесе следните заклучоци:

1. Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, го запира одвивањето на наставниот процес во текот на наредните 14 денови, и тоа за сите предавања, вежби, консултации, практична, теренска и клиничка настава као и сите дополнителни активности поврзани со наставниот-образовниот процес.
1. Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, ги прекинува сите масовни собири, јавни настани и се препорачува состаноците да се одвиваат преку интернет комуникација.
2. Активностите на вработените на Факултетот кои се однесуваат на применувачка активност се одвиваат тековно во согласност со новонастананите услови.
3. Факултет за ветеринарна медицина-Скопје, воведува задолжителна самоизолација на сите вработени кои доаѓаат од високо и средно ризичните држави, во период од 14 дена (согласно листата на Светската здравствена организација).
4. Се препорачува возрасните и високоризичните категории на вработени на ФВМ-С со хронични болести да го намалат своето движење и да го избегнуваат јавниот превоз, како и времен прекин на работните обврски на бремените и хронично болните лица.

**МКС EN ISO/IEC 17025**

Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

5. Родителите на децата до 10 години, што ќе бидат ослободени од обврската да одат во градинките или да ја следат наставата, се ослободуваат од обврската да ги извршуваат работните обврски, за што задолжително доставуваат писмено допис до Деканат со потврда од градниката/училиштето.
6. Се откажуваат сите службени патувања на вработените на ФВМ-С во земји кои се со висок и среден ризик согласно листата на СЗО.
7. Се воведуваат мерки за заштита и за дезинфекција на влезовите на сите објекти на ФВМ-С.
8. Вработените се должни да ги почитуваат заклучоците а оние кои ги прекршуваа препораките ќе бидат казнети согласно член 205 и 206 од Кривичниот законик.
9. Вработените се задолжуваат целосно да ги почитуваат мерките за превенција и да ги применуваат засилените хигиенски мерки.

Со почит,

Декан на ФВМ-Скопје
Проф. д-р Лазо Пендовски



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk